**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

**Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров распишува**

# ЈАВЕН ОГЛАС
**бр. 02-1889/1**
**за распределба и доделување на финансиски средства за поддршка на спортски манифестации, спортски клубови и спортисти**

Распределбата на средствата од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации кои се одржуваат во Општина Ѓорче Петров за 2023 година, ќе се врши врз основа на овој Јавен оглас.

## 1. Цели

Основни цели за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации што се одржуваат во Општина Ѓорче Петров треба да:

1) го поттикнуваат и унапредуваат соодветниот спорт;
2) го популаризираат масовниот спорт и опфатот на што повеќе млади во населените места;
3) реализираат програма за развој на спортот;
4) организираат и спроведуваат систем на натпревари во одредени спортови и категории;
5) поддржуваат традиционални спортски натпревари и манифестации од општински, национален и меѓународен карактер;
6) организираат и спроведуваат училишен и студентски систем на натпревари;
7) организираат и спроведуваат систем на манифестации и форми на натпревари за лица со посебни потреби;
8) организираат и спроведуваат систем на масовни спортско-рекреативни активности во Општина Ѓорче Петров;

9) се грижат за унапредување на стручната работа и усовршување на стручните кадри во спортот;

10) поттикнуваат постигнување на врвни резултати;

11) се грижат за унапредување на младите категори;

12) учествуваат во национални спортски федерации, или настапуваат на натпревари од национален и меѓународен карактер;

13) се натпреваруваат од највисок ранг на домашни спортски првенства;

14) своите активности и програми ги реализираат на подрачјето на Општина Ѓорче Петров;

15) поддржуваат општински сојузи и сојузи на спортови на Општина Ѓорче Петров; и

16) да не вршат политичко и верско организирање и дејствување.

## 2. Учество

На јавниот оглас може да учествуваат спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и организатори на спортски манифестации што се одржуваат во Општина Ѓорче Петров, чиешто регистрирано седиште односно живеалиште се наоѓа на подрачјето на Општина Ѓорче Петров или имаат огранок на подрачјето на Општина Ѓорче Петров.

На Јавниот оглас може да учествуват и спортски здруженија и организатори на спортска манифестација чиешто регистрирано седиште не се наоѓа на подрачјето на Општина Ѓорче Петров, но реализацијата на проектот е на подрачјето на Општина Ѓорче Петров во соработка со спортски клубови, спортски здруженија и организатори на спортски манифестации чиешто регистрирано седиште се наоѓа на подрачјето на Општина Ѓорче Петров.

## 3. Потребна документација

Спортските клубови, спортските здруженија, другите правни лица од областа на спортот и организаторите на спортски манифестации што се одржуваат во Општина Ѓорче Петров кои учествуваат на Јавниот повик кон пријавата за финансиска поддршка треба да достават:

1) Пријава за финансиска поддршка;

2) Проектна пријава;

3) Копија од тековна состојба од Централниот регистар, не постара од шест месеци, како доказ за регистрирана дејност;

4) Потврда од надлежен суд дека врз правното лице не е отворена стечајна или постапка за ликвидација, не постара од шест месеци, ако е трговско друштво;

5) Решение за вршење на дејноста спорт, издадено од Агенцијата за млади и спорт;

6) Финансиски извештај за добиените средства од Општина Ѓорче Петров во изминатата фискална година и начинот на нивната наменска реализација со копии од соодветни финансиски документи.

Спортистите (индивидуалци) кои учествуваат на Јавниот повик кон пријавата за финансиска поддршка треба да достават:

1) Пријава за финансиска поддршка;
2) Проектна пријава;
3) Име и презиме, адреса и матичен број;
4) Копија од лична карта или патна исправа, како доказ за идентификација;
5) Потврда за поддршка од соодветна спортска федерација или сојуз (за спортисти);
6) Финансиски извештај за добиените средства од Општина Ѓорче Петров во изминатата фискална година и начинот на нивната наменска реализација со копии од соодветни финансиски документи.

Нема да бидат разгледани пријавите: доставени по истекот на рокот на Огласот, пополнети на несоодветен образец, нецелосно пополнети и некомплетни пријави без приложените документи кои задолжително се бараат.

Пријавата за финансиска поддршка и Проектната пријава објавени се на веб-страницата на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.

## 4. Рок и начин за пријавување

Пријавите треба да се достават до Општина Ѓорче Петров преку пошта на адреса; Општина Ѓорче Петров, ул.Ѓорче Петров бр.22, Скопје, или да се остават во архивата на Општина Ѓорче Петров од 08.00 часот до 16.00 часот заклучно со последниот ден од Јавниот оглас.

Рокот за поднесување на пријавите изнесува 15(петнаесет) дена од денот на објавување на огласот, и трае заклучно со 20.10.2023 година.

Одлуката за извршениот избор ќе биде објавена на веб страната на Општина Ѓорче Петров, во рок не подоцна од 30(триесет) дена од завршување на огласот.

Против одлуката за избор, незадоволниот барател може да поднесе писмен приговор во рок од 5(пет) дена по објавата за извршениот избор. Приговорот се поднесува до Комисијата, а по истиот одлучува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров, во рок од пет дена од приемот на писмениот приговор.

Одлуката на Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров е конечна.

По конечноста на Одлуката, Општина Ѓорче Петров и избраните корисници склучуваат Договор за меѓусебните права, обврски и одговорности.

Договорот во име на Општина Ѓорче Петров го склучува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

По склучување на договорот се исплаќа половина од одобрените финансиски средства за подршка на спортските манифестации, спортски клубови и спортисти.

## 5. Извештај за добиените средства

Најдоцна до крајот на календарската година, сите спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и организатори на спортска манифестација што се одржуваат во Општина Ѓорче Петров коишто добиле финансиски средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров, должни се до Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да достават Финансиски извештај за добиените средства од Општина Ѓорче Петров во тековната 2023 година како и начинот на нивната наменска реализација со копии од соодветни финансиски документи на образец објавен на веб-страницата на Општина Ѓорче Петров.

Остатокот од одобрените финансиски средства се исплаќаат по достава на финансискиот извештај.

**Градоначалник**
Александар Стојкоски с.р